Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

| Примено: 21.04.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност: |
| 03 | 267/2 | | |


**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДЕКАН**

**на Универзитет Св. Кирил и Методиј – Фармацевтски факултет**

**за мандантниот период 2021-2024 година**

**Кандидат за декан: Проф. д-р Зоран Стерјев**

Скопје, април 2021

Почитувани

Ми претставува огромна чест и голем професионален предизвик до членовите на Наставно-научнот совет на УКИМ – Фармацевтски факултет Скопје, да ја поднесам оваа програма за работа како кандидат за декан на УКИМ - Фармацевтски факултет – Скопје, за мандатниот период 2021-2024 година.

Овој предизвик претставува и голема обврска за мене. Да се продолжи по патот на успехот кој го истрасирале претходните и сегашните генерации наставници и соработници на овој факултет, по патеката на успесите по која посветено чекореле деканите на Фармацевтскиот факултет во изминатите години е голем императив. За тоа е потребна голема посветеност, визија, менаџерски способности и познавање на реалните состојби.

Голема инспирација и значаен генератор на позитивна енергија и надеж кои ме поттикнуваат да се кандидирам за позицијата декан и да верувам во успех во извршување на оваа функција е кадровскиот потенцијал со кој располага нашата институција. Квалитетот и потенцијалот на стручниот и административниот кадар на нашиот факултет според мене е на исклучително високо ниво. Во изминатиот период екипираноста на наставно научниот кадар е значително подобрена. Тоа овозможува услови за интензивен понатамошен развој. Мојата определба во процесите на менаџментот е дека вистинскиот успех во работата е можен само доколку се има силен тим и се негува тимска работа. Во таа насока се обврзувам дека ќе вложам многу енергија, знаење и искуство во унапредување и негување на тимскиот дух и јакнење на капацитетите на тимот на професионалци на УКИМ – Фармацевтски факултет Скопје.

Кадровската политика како и досега ќе се темели на систем на вредности кои ќе ги идентификува квалитетните и сестраните потенцијални кадри. Задача на новата управа ќе биде континуирано да се одржуваат и да се создаваат нови услови нашата зедница да биде императив и желба на секој квалитетен млад кадар. Исто така, новата деканска управа ќе негува систем на работење во кој секој поединец на нашиот факултет во рамките на својот простор на делување и своите можности ќе може да го даде максимумот од својот професионален и човечки капацитет и на тој начин максимално да придонесе за понатамошниот раст и развој на нашата институција.

Непроценливото искуство кое го стекнав во изминатите осум години извршувајќи ја функцијата продекан на УКИМ – Фармацевтски факултет за мене претставува стабилна подлога за продолжување со понатамошна раководна функција. Се обврзувам дека деканската функција ќе ја извршувам максимално транспарентно, отворено и чесно. Достоинствено и со почит ќе се однесувам кон институцијата и сите вработени во истата, ќе ги негувам традицијата и воспоставенте вредности, ќе ги почитувам начелата на статутот на УКИМ – Фармацевтски факултет и сите позитивни законски решенија од образовната, финансиската и правната сфера во Република Северна Македонија. Интересите на нашата институција ќе бидат мој единствен и врвен приоритет.

Со својата работа и раководење ќе продолжам да ја негувам добрата соработка на нашиот факултет со раководните органи на Универзитетот Св. Кирил и Методиј и со другите факултети во склоп на универзитетот и надвор од него. Континуирано ќе се залагам за проактивно учество во активностите и проектите кои се одвиваат на универзитетот како би можеле постојано да бидеме во активна комуникација и можност да ги користиме достапните ресурси на универзитетот.

Зајакнувањето на позициите на Фармацевтски факултет во рамките на универзитетската средина но и во општеството воопшто ќе продолжи да биде исто така еден од врвните приоритети во делувањето. Многу посветено ќе се работи на креирање на атмосфера, средина и услови во кои ќе може да се слушне се повеќе експертскиот глас и став на нашата факултетска стручна заедница. За секое значајно прашање од областа на високото образование, фармацијата и здравствената дејност во рамките на нашиот факултет ќе градиме заеднички став кој потоа ќе биде пренесен до институциите и општествената заедница.

Одржувањето на постојана и активна комуникација со Владата на Северна Република Македонија, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за земјодлство шумарство и водостопанство, Агенцијата за лекови и медицински средства, Агенцијата за храна и ветеринарство, Фондот за здравствено осигурување и другите институции чие делување го засега работењето на УКИМ – Фармацевтски факултет ќе биде дел од моето работно секојдневие. Пред овие институции ќе ги застапувам ставовите и барањата на академската заедница за зачувување и унапредување на академскиот интегритет и академската автономија, подобрување на економската состојба на вработените преку покачување на платите на наставниот, административниот и техничкиот кадар на факултетот и овозможување на подобри услови за реализација на наставната и научно-истражувачката дејност. Постојано ќе работиме во насока на зголемување на капацитетите на соработка со гореспоменатите институции, навремена реализација на преземените обврски, зголемување на буџетите за функционирање на факултетот и единиците во состав на истиот.

Што се однесува до работењето и делувањето во рамките на самиот факултет областите на кои сакам да се задржам во оваа пријава ги распределувам на 6 главни сегменти:

- наставна дејност,
- научно истражувачка дејност,
- апликативна дејност,
- просторни и технички услови,
- студенти и
- административна служба.

Меѓународната дејност како извонредно значајна активност за функционирање на факултетот е распределена низ гореспоменатите сегменти. Оваа дејност ќе остане да биде движечка сила за иден квалитетен развој на нашиот факултет. Интензивната меѓународна соработка несомнено може да доведе до унапредување и на наставната и на научно истражувачката дејност. Затоа, во тек на целиот мандат посветено ќе работиме на унапредување на оваа активност. Ќе продолжиме да ја подржуваме и негуваме досега воспоставената меѓународна соработка и членство во меѓународни асоцијации и институции. Во исто време ќе се ангажираме и за отворање на нови можности за соработка.

## 1. Наставна дејност

Наставната дејност како најзначајна дејност на нашата институција ќе биде главниот фокус на интерес и на делување на раководниот тим и во наредниот период. Преку континуиран ангажман во периодот за кој се кандидирам заедно со тимот на соработници ќе се обидеме да придонесеме кон понатамошно унапредување и осовременување на наставниот процес во сите три циклуси на студии кои се изведуваат на УКИМ – Фармацевтски факултет. Обезбедување на квалитет во наставно-образовниот процес, во едукацијата и тренингот на идните фармацевти (Quality Assurance of higher education for pharmacist) во сите фази од тој процес ќе биде врвен приоритет. Овој процес ќе се спроведува согласно препораките на ЕНЕА (European Higher Education Area), промените во Болоњскиот процес и европската директива за секторски професии кои образованието и обуката на фармацевтите во европската област за високо образование ги усмеруваат кон систем на квалитет заснован на компетенции. Нашиот фокус на работа во полето на наставно-образовниот процес ќе биде насочен кон:

- Одржување на континуитет во унапредување на техничко-технолошките услови за спроведување на наставата. Имплементирање на позитивни искуства и технолошко-технички решенија од други факултети надвор од нашата држава за спроведување на наставната дејност и професионалната пракса. За унапредување на наставната дејност ќе се вложат максимални напори во обезбедување на колку е можно поголем број на софтверски едукативни решенија наменети за реализирање на наставна дејност - теоретска и практична.
- Обезбедување на соодветни наставни материјали, поттикнување и унапредување на издавачката дејност на Факултетот.
- Акредитирање на студиската програма од прв и втор интегриран циклус – Магистер по фармација на англиски јазик.
- Отварање на дискусија за акредитација на нова студиска програма од областа на фармацијата "Дипломиран фармацевтски техничар" или "Дипломиран фармацевтски асистент" по примерот на некои факултети од високоразвиените земји. Доколку има консензус по

тоа прашање од страна на наставниот кадар на Фармацевтскиот факултет, ќе се започне со реализација на подготовка и акредитација на нова студиска програма. Воведувањето на ваква студиска програма ќе изискува и одредени промени во законските решенија од областа на здравствената заштита на што исто така интензивно ќе се работи.

- За секоја академска година ќе се прогласуваат најинспиративен професор/ка и асистент/ка на УКИМ – Фармацевтски факултет.
- Унапредување и интензивирање на мобилноста на наставниот кадар и студентите во рамките на европските и глобално достапните програми за таков вид на активности како и во рамките на билатералната меѓународна универзитетска и факултетска активност. Учество во наставата на најмалку еден визитинг професор во додипломски и последипломски студии во секој семестар од академската учебна година. При тоа ќе се инсистира на реципроцитет во наставните активности односно визитинг професорите кои доаѓаат на нашиот факултет да се ангажираат во обезбедување на простор и за наши професори да гостуваат како визитинг професори во нивните институции.
- Вклучување во наставата на нашите алумни, стручњаци од пракса како и еминентни и докажани експерти од фармацевтската и другите нефармацевтски области.
- Рационализација и оптимизација на предметните содржини во рамките на сите програми од прв цилус односно интегрирани студии од прв и втор циклус, како и рационализација и оптимизација на времето за спроведување на наставната дејност со што ќе се намали временска оптовареност на студентите и наставниот кадар во реализацијата на наставата.
- Активно учество во развивање, прифаќање и адаптирање на новата платформа за е-едукација која се развива во рамките на Универзитетот Св. Кирил и Методиј.
- Поголема вклученост на координаторите на групи на студенти и подобрена комуникација со студентите во реализирањето на наставата и надминување на евентуалните проблеми.
- Со вработувањето на млади кадри – асистенти, на нашиот факултет се создадоа можности да се иницира и спроведе процес на подобрување на реализацијата на практичната настава. Во соработка со наставниците и соработниците од сите катедри и институти ќе се бараат можности и решенија за подобрување на практичната настава која е од круцијално значење за нашите студенти.
- Максимално ќе бидеме отворени за комуникација со претставниците на фармацевтската професионална заедница, фармацевтската индустрија, веледрогериите, аптеките и другите гранки од здравствениот сектор за согледување на потребите во реалниот фармацевтски сектор и усогласување и прилагодовање на

наставните содржини и концептот на едукација кон реалните потреби.

- Ефикасноста на студирањето, проодноста на студентите и квалитетот на стекнатите знаења ќе бидат континуирано евалуирани и презентирани. Врз основа на резултатите од периодичните анализи ќе се креираат насоки за идно делување и надминување на евентуалните детектирани слабости.
- Ќе се делува во насока на континуирано подобрување на систем за евалуација на наставниот кадар од страна на студентите со што ќе се овозможи навремено идентификување на слабите алки во наставната дејност и поттикнување на уште подобар ангажман и квалитет на работа на најинспиративните лидери во наставната дејност.
- Особено внимание ќе посветиме на реализацијата на наставата на изборните предмети во сите студиски програми. Квалитетот на наставата на изборните предмети не смее да се разликува во ниту еден сегмент споредбено со наствата на редовните предмети.
- Поттикнување на дополнителен ангажман на целиот наставен кадар кој е вклучен во реализација на студиските програми од прв циклус. Квалитетот на наставниот процес на студиските програми од прв циклус треба да е на исто ниво со наставата која се реализира на студиската програма - Магистер по фармација. Бидејќи и двете студиски програми од прв циклус подлежат на реакредитација во тек на мандатниот период (2023 и 2024 година), пред да се отпочне со припрема на елаборатите ќе се иницира отворена дискусија за согледување на слабостите и можностите за осовременување на наставната содржина на овие студиски програми. Таа пракса ќе се однесува и на останатите студиски програми.
- Ќе се иницираат напори за реакредитирање на студиските програми од втор циклус кои се во фаза на мирување откако претходно ќе се евалуира и потврди потребата и одржливоста на истите. Како и во досегашниот период навремено ќе се отпочнува со подготовка на потребната документација за реакредитација на студиските програми и максимално професионални и темелно ќе се пристапува во реализација на истите. Транспарентно ќе се разговара за реакредитација на постоечките и акредитација на нови студиски програми особено во втор циклус имајќи ги во предвид измените кои се наговествуваат во сегментот на акредитација и реакредитација на студиски програми а кои се однесуваат на значително зголемување на трошоците.
- Врз основа на најновите светски трендови на полето на последипломска едукација и во соработка со фармацевтскиот сектор и општествената заедница ќе се процени потребата и можностите за изготвување и креирање на нови атрактивни студиски програми за втор циклус на студии. Интензивно ќе работиме на акредитација на барем една заедничка студиска програма со факултет од друга држава.

- Студиските програми од втор циклус за кои Наставно-научниот совет на Факултетот ќе одлучи дека се доволно атрактивни и би можеле да бидат предмет на интерес на странски студенти ќе се акредитираат на англиски јазик.
- На полето на студиите од трет циклус фокусот на делување ќе биде насочен кон обезбедување на дополнителни средства за поголема застапеност на експерименталната и лабораториската работа во реализација на докторските студии, а еден од начините е планирање и вклучување на докторанти во научно истражувачките проекти. Ќе се инсистира и ќе се овозможуваат услови за поголемо присуство на студентите на факултет во периодот на реализација на нивните студии. Исто така, ќе се разгледаат сите можности за делумно вклучување на докторантите во реализирањето на практичната настава. Објективни фактори и субјективни фактори во минатиот период беа причина реализацијата на едукацијата на студиите од трет циклус да не се реалзираат на потребното и посакуваното ниво. Оваа појава е присутна на целиот универзитет. Во таа насока треба да се направат напори за изнаоѓање на начини квалитетот на докторските студии да го постигнат посакувано ниво. Одговорноста во тој процес ќе биде подеднакво на сите нас.
- Доколку се покаже за оправдано, студиската програма од трет циклус докторски студии од научноистражувачкото поле фармација ќе се акредитира и на англиски јазик.

## 2. Научно истражувачка дејност

Научно истражувачката дејност отсекогаш била знак на препознатливост на УКИМ – Фармацевтски факултет. Тој тренд мора да се продолжи и да се унапреди. Само на тој начин ќе успееме да ја задржиме и подобриме нашата позиција на една од најреномираните високообразовни научни институции во нашата држава. Во насока на тоа ќе делуваме во следните сегменти:

- Распределување на институтски годишен буџет за научно истражувачка работа. Секој институт ќе добие годишен буџет за научно-истражувачка работа, објавување на трудови, конгреси. Одлуката за распределба на средствата од тој буџет ќе се носи интерно на самиот институт и потоа ќе биде доставена информација до деканската управа.
- Покривање на трошоци за објава на оргинален научен труд или прегледна статија во научно списание со IF над 4 на прв автор вработен на Фармацевтски факултет.
- Годишен избор на “Научник на годината на УКИМ - Фармацевтски факултет“. За таа намена ќе се определи соодветен буџет за награда за индивидуата која ќе има најплодна научно истражувачка дејност во тековната година. Критериумите и оценувањето ќе се врши од трочлена комисија составена од двајца професори кои имаат

најголем број на трудови во реномирани научно истражувачки списанија и продекан за наука.

- Во на категорија "Научен потенцијал на годината". Ќе се предложи буџет за наградаа за тројца асистенти и/или доценти кои ќе имаат најплодна научно истражувачка дејност во тековната година.
- Интензивирање на активностите и функционирањето на научниот клуб на нашиот факултет. Задолжително одржување на научен клуб на секои 45 календарски денови во годината (вкупно 8 состаноци на научнит клуб во тек на една година). Секој институт ќе има по еден термин за научен клуб во тек на годината, еден научен клуб ќе се организира на тема – новитети во фармација, еден научен клуб – студентски потенцијал и еден научен клуб – потенцијални можности апликација на тековни и идни домашни и меѓународни проекти.
- Континуитет во системот на стимулација на наставен кадар од нашиот факултет кој ќе биде раководител/носител на меѓународен проект или кој ќе оствари меѓународен престој на странски факултет или научно истражувачка институција.
- Континуирано инвестирање во научно истражувачка опрема, лабораториска опрема, инстументална апаратура.
- Особено внимание ќе се посвети на интензивирање на научно-истражувачка соработка и научно-истражувачки проекти со фармацевтската индустрија, веледрогерии и аптеките кои работат во нашата држава.
- Постојана комуникација и проактивно делување кон Министерството за образование и Министерството за здравство на Северна Република Македонија во насока на обезбедување средства за национални научно истражувачки проекти.
- Обезбедување на финансии и вклучување во прво време на надворешни професионалци за административна поддршка за припрема и апликација на меѓународни проекти.
- Јакнење на меѓународната активност, потпишување на билатерални договори со научно истражувачки и високообразовни институции од други земји во насока на воспоставување на меѓународна соработка со колеги од други универзитети и отварање на поширoки можности за заедничка научно истражувачка работа.
- Иницирање на идеја за реализација на еден интегриран три годишен научно истражувачки проект со учество на сите институти на нашиот факултет на истиот. За реализација на таа цел би се распишал интерен конкурс на кој би се предложиле предлог проекти. Преку систем на индивидуално изјаснување од целиот наставно научен кадар на нашиот факултет би се избрал еден проект кој би се реализирав во периодот јануари 2022 година до декември 2024 година. Обезбедувањето на средства за реализација на овој проект ќе биде обврска на раквoдниот тим на факултетот.

## 3. Апликативна дејност

Дејноста која се спроведува преку апликативните центри на факултетот претставува генератор на финансиски средства за факултетот и обезбедува профилираност на нашиот факултет и своевидна препознатливост на истиот во нашата земја и странство. Работењето на апликативните центри треба постојано да се унапредува и секогаш да се цели кон достигнување на повисоки дострели и подобри резултати во нивното работење. Поради тоа, во тек на мандатниот период ќе ја дадам мојата целосна поддршка за активностите на апликативните центри и активно ќе се вклучам во сите активности за кои ќе биде побарана моја поддршка.

Во рамките на ингеренциите кои ги има деканот и моите можностите ќе работам на:

- Промовирање на активностите кои се реализираат во апликативните центри на УКИМ – Фармацевтски факултет, можностите и капацитетите на истите. Максимално ќе се вложам во обезбедување и реализирање на нови можни соработки и проекти со постоечките и други институции (општествени и приватни) со кои во досегашниот период не е остварено соработка. Секојдневно фокусот на дејствување ќе ми биде насочен кон обезбедување нови активности на некој од апликативните центри со што ќе се придонесе за подобар одржлив равој на истите и индиректно на факултетот. Со раководителите на центрите континуирано ќе бидеме во комуникација и ќе одржуваме средби со сите потенцијални партнери особено од фармацевтскиот сектор и регулаторните тела.
- Преку примена на иновативни и вообичаени маркетиншки методи ќе работиме на подобрена видливост и презентација на капацитетите, можности и активностите на центрите. Во рамките на можностите и согласно позитивните законски регулативи промоцијата на активностите на оние центри за кои тоа е можно ќе се прошират и надвор од границите на нашата држава.
- Активно ќе ги застапуваме потребите, барањата и активностите на центрите во сите разговори со регулаторните тела, владините и другите институции. Во сите разговори и средби со раководителите на овие институции ќе наметнувам теми од интерес за подобрено функционирање на нашите апликативни центри. Исто така пред надлежните институции активно ќе се вклучиме во барање и иницирање на измени на законски решенија кои имаат ограничувачки карактер за функционирањето на апликативните центри или измени кои се неопходни за подобрено и непречено функционирање на истите.
- Негување на менаџерски систем на управување и функционирање на центрите. Овој систем ќе овозможи поголема флексибилност во функционирањето на центрите и можност за објективно дополнително вреднување на нивниот ангажман. на индивидуите кои најповеќе допринесуваат за развојот и работата на центрите. Ова ќе биде и поттик

за останатите во рамките на своите можности да дадат дополнителен ангажман во работата на центрите и да придонесат за уште поинтензивен раст и подобрување на перформансите на апликативните центри.

- Обезбедување на финансиски и секаков друг вид на услови кои се неопходни за развој на апликативните центри. Секоја нова идеја за активностите на центрите која ќе биде промовирана и ќе биде поткрепена со соодветни објективни факти и можности, одржлив бизнис план и стратегија ќе биде безусловно и во рамките на можностите подржана.
- Ќе биде подржана и секоја идеја и апликација за евентуално формирање на нови апликативни центри во рамките на факултетот. За таа цел подносителот на апликацијата ќе треба да достави изготвен елаборат во кој ќе бидат наведени идејата, целите, можностите, потребата и начинот на функционирање на новиот центар со комплетна поткрепа од соодветен бизнис план доколку се потребни соодветни вложувања.
- Иницирање и поддршка на постапките за акредитација на апликативните центри. Акредитацијата и стандардизацијата на постапките, активностите и методите на работа кои се одвиваат во апликативните центри значително допринесуваат за подигање на квалитетот на работа и се неопходни за подобрено функционирање. Во таа насока ќе инсистирам да отпочнеме со постапките на акредитација во центрите каде тоа до сега не е направено и максимално ќе се подржуваат процесите на реакредитација во другите центри каде се одвиваат континуирани постапки на реакредитација.
- Јавно-приватно партнерство е отворена и моќне потенцијална можност за понатамошен развој на дел од центрите или евентуалните нови апликативни центри на факултетот. Ваквиот модел на соработка во многу земји има позитивни резултати. Доколку бидам избран за позицијата декан на УКИМ – Фармацевтски факултет искажувам целосна спремност и отвореност да се впуштиме во реализација на барем една ваква проектна активност.
- Искористување на можностите што ги нуди Фондот за иновации и технолошки развој - ФИТР и други слични институции за финансиска помош на развојни програми.
- Промовирање, поттикнување и поддршка на можностите што ги нуди УКИМ и канцеларијата за трансфер на технологии и иновации.
- Целосно искористување на постоечките човечки капацитети со кои располага факултетот во работата на апликативните центри. Ова особено се однесува на лаборантите на нашиот факултет кои поседуваат знаење и во одреден дел од годината имаат доволно време за активно вклучување во работата на апликативните центри.
- Особено внимание и поддршка во текот на мандатот ќе биде посветено и на работата на Центарот за континуирана едукација и Центарот за кариера на нашиот факултет. Тоа се два центри преку кои се остварува

мошне значајна дејност од интерес на факултетот и во чии сегмент на работење се отвораат нови можности и хоризонти. Во таа насока ќе ги следиме сите трендови и ќе ги искористиме можности за нивно проактивно делување.

## 4. Просторни и технички услови

Неопходноста од обезбедување на нови просторни услови за работа и подобрување на постоечките претставува и ќе биде еден од моите главнии фокуси во управувањето со факултетот. Во оваа насока:

- Ќе се продолжи со реализација на започнатиот проект за доградба на спрат на зграда бр.2 согласно изготвена проектна документација. Средствата за реализација на овој проект ќе се обезбедат од сопствени извори, буџетот на Република Северна Македонија, поддршка од фармацевтската индустрија и меѓународни фондови за наставна и научно истражувачка дејност и фондовите за градење на капацитети во високото образование во рамките на ЕУ програмите.
- Во рамките на можностите ќе се инвестира во реновирање и осовременување на сегашните предавални и лаборатории во кои се одвива наставната и научно истражувачката дејност на нашиот факултет. Во тек на целиот мандат ќе се продолжи со вложување во современи техничко-технолошки средства за подобрување на условите за реализација на теоретската настава. Опремувањето на лабораториите со современа лабораториска опрема и апартура ќе продолжи и понатаму да биде активност од врвен интерес. Обезбедувањето на средства за овие цели ќе се реализира од сопствени извори, користење на домашни и меѓународни фондови. Исто така ќе се иницираат и доколку за тоа се постигнеме согласност на факултетот ќе се реализираат неколку комерцијални проектни идеи кои ќе овозможат прилив на средства со стрикна намена за одржување и осовременување на просториите во кои се одвива наставната дејност на факултетот.
- Во првата година од мандатот ќе изготвиме проектна документација и ќе аплицираме на домашни и меѓународни проекти за поддршка на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија. Целта на апликација за овие проекти ќе биде да се промени целокупната дограма во двете згради на нашиот факултет и да се овозможи добивање на енергија за свои потреби од обновливи извори со што ќе направиме соодветна заштеда на материјални средства, ќе се овозможи подобра искористеност на енергијата и заштита на животната средина.
- Постојната факултетска инфраструктура која во текот на годините се амортизирала ќе продолжи да се одржува и обновува. Континуирано ќе инвестраме во современа информатичка технологија. Ќе биде поставена и ИТ безбедносна опрема.

- Ќе се обезбедат дополнителни средства и донации за оплеменување на заедничкиот простор внатре во факултетот, особено холовите и коридорите и надворешно околу нашиот факултет

## 5. Студенти

Студентите на УКИМ – Фармацевтски факултет и во наредниот период ќе бидат врвен приоритет на раководниот кадар на факултетот. Посотојаното унапредување на условите и можностите за студирање, интензивирањето на квалитетната комуникација и соработка со студентите ќе биде моја секојдневна неодложна работна обврска. И како човек и како член на академската заедница ја застапувам и ќе продолжам да ја застапувам тезата дека студентите се основата на нашето работење и главен темел на нашето постоење. Затоа, треба да се искористат сите можности и да се вложат максимални напори на нашите студенти да им се овозможат колку е можно подобри услови за студирање и делување. За таа цел во наредниот период ќе работиме на:

- Отворена и континуирана комуникација со претставниците на студентската организација. Во тек на целиот мандат заедно со тимот на продекани на УКИМ – Фармацевтски факултет ќе бидеме во постојан контакт со студентите, ќе одржуваме постојани состаноци (најмалку еднаш месечно) на кој ќе ги дискутираме сите отворени прашања, евентуални проблеми, можности и предизвици. Ќе иницираме процеси и ќе ги подржеме студентите во правец на подигање на квалитетот и интензитетот на студентското движење и делување. Студентите треба да бидат критичната маса која ќе биде вклучена во креирањето на сите процеси и движења во академската заедница и општеството воопшто.
- Ќе се даде максимална поддршка на сите форми на студентско организирање и делување. Ќе овозможиме услови за непречено реализирање на сите активности на нашите студенти на домашно и меѓународно поле. Особено ќе ги стимулираме активностите на нашите студенти во рамките на меѓународните студентски здруженија и асоцијации. Активно и со секаков вид на поддршка ќе се вклучиме во секој облик на меѓународна активност на нашите студенти.
- Поттикнување на научно истражувачката работа на студентите преку нивно вклучување во научно истражувачката работа која се спроведува на факултетот и преку превземање на активности со кои би се потикнала креативноста на студентите. Еднаш годишно ќе се организира студентски научен клуб, манифестација на која студентите ќе може да ги презентираат резултатите од научно истражувачка работа во која што учествуваат или учествувале.
- Иницирање на годишен факултетски студентски научно истражувачки проект се разбира со поддршка на наставно научниот кадар на факултетот.

- Максимална поддршка и поттикнување на студентската мобилност. За таа цел во рамките на законските можности ќе се продолжи практиката на либерализација на условите за реализирање на меѓународна размена на студенти. Во насока на поттикнување на студентската мобилност ќе продолжи праксата на делување преку студентски координатори за мобилност. Исто така ќе се поттикне одржување на отворени дискусии за стекнати искуства од реализирана мобилност. Континуирано ќе се работи на зголемување на бројот на факултети каде што нашите студенти ќе можат да ја реализираат својата мобилност.
- Комплетна поддршка на сите активностите на студенстскиот сојуз, со активно вклучување доколку тоа биде побарано од нас во реализација на сите цели на нивните зацртани активности. При тоа особено ќе се внимава да се зачува целосната независност и автономното студентско делување.
- Научно-истражувачкото студентско здружение како сегмент од студентското делување со богата и опсежна историја на активности исто така ќе продолжи да биде подржано во своите активности и во наредниот период. Воспоставениот начин на функционирање, плодната научно истражувачка и меѓународна активност на ова здружение претставуваат сегменти од студентско делување достојни за почит и своевидна обврска на секој раководен кадар истите максимално да ги подржува.
- Во соработка со студентската организација ќе работиме на продолжување на спроведување на студентскиот натпревар по комуникациски вештини во аптекарско работење "Магистре".
- Ќе ги потикнеме студентите и ќе ги подржиме во организација на регионален собир на студенти по фармација налик на поранешните Фармацијади.

Во насока на обезбедување на идни студенти на нашиот факултет заедно со претставниците на студентската организација преку Центарот за кариера активно ќе работиме и на обезбедување на поголем број на квалитетни идни студенти во додипломските и последипломските студии на нашиот факултет. За таа цел ќе продолжиме со досегашните форми на презентација на нашиот факултет помеѓу средношколците во целата наша држава и ќе воведеме дополнително нови форми на промоција и мотивирање на идните студенти да се запишат на нашиот факултет. Во однос на промоцијата на факултетот и студиските програми од втор и трет циклус максимално ќе се вложиме претставување да биде поинтензивно и на регионално ниво и со тоа да придонесе за зголемување на бројот на студенти на овие студиски програми.

## 6. Административна служба

Административната служба е важен сегмент од функционирањето на УКИМ – Фармацевтски факултет и следствено на тоа функционирањето на оваа служба ќе биде предмет на континуиран интерес на деканската раководна гарнитура. Екипираноста на административната служба на нашиот факултет во овој момент е главно задоволувачка и во наредниот тригодишен мандат сметам дека не треба да се размислува за дополнителен кадар во овој сектор со исклучок на редовната замена неопходна после пензионирање на дел од кадарот. Сметам дека идниот период треба да се искористи за овозможување на услови за унапредување на активностите и делувањето на административната служба. За таа цел во тек на мандатниот период ќе работиме на:

- Стандардизација и акредитација на административни процеси во сите сегменти кои се одвиваат на нашиот факултет според важечки стандарди за квалитетно административно работење.
- Поддршка на процесите за унапредување на административното работење особено во делот на студентската служба и финансиското одделение. Сметам дека функционирањето на студентската служба како есенцијален сегмент на факултетското работење секогаш треба да биде предмет на постојано унапредување и подобрување. Со активна вклученост на кадарот од овој сектор и продеканот за настава, ќе продолжиме со континуираниот процес на воведување на нови и унапредување на постоечките активности. Максимално ќе бидеме отворени и проактивно ќе се однесуваме кон сите интегративни процеси кои се одвваат на ниво на нашиот универзитет а се од доменот на функционирање на административните служби за студентските работи.
- Превземање од страна на административните служби на дел од обврските кои сега ги извршуваат членовите на наставно научниот кадар а по својот карактер се од административна природа. За таа цел ќе инвестираме во дополнителни континуирани обуки на вработените од овој сектор.
- Како еден од главните императиви во активностите кои ќе се превземат а кои ќе бидат насочени кон административните служби ќе биде реализација на проектот "Административен проект менаџер". Целта на овој проект ќе биде да се обучи квалификуван кадар кој квалитетно ќе може да се вклучи во административниот сегмент поврзан со подготовка на проектна документација и апликација на научно истражувачки проекти.
- Преку воспоставување на задолженија на одредени професионалци во административната служба ќе работиме на зголемена видливост на сите факултетски активности: наставни, научно истражувачки и апликативни.

Почитувани, како подносител на оваа програма за работа на идниот декан на УКИМ - Фармацевтски факултет, свесен сум за обемот на задачите што ги поставувам пред себе и пред идниот раководен тим на факултетот. Желбата, ентузијазмот, енергијата и големото искуство од перидот во кој работев како продекан, ме држат исправен пред овој значаен предизвик. Уверен сум дека оваа програма е остварлива и дека е потребна за понатамошниот развој на нашиот факултет, а со цел остварување на нашата мисија и визија - да бидеме лидери во регионот и пошироко во сите сфери од нашето делување. За тоа да биде остварено ќе ми биде потреба поддршката од сите колеги, и од наставниот и ненаставниот кадар на факултетот и од нашите студенти. Со прифаќање на оваа програма и мојата кандидатура за иден декан, ќе се согласиме сите дека патот на нашиот факултет за идниот тригодишен период е трасиран. За истиот да биде успешен, потребно е сите заедно да вложиме голем напор и сплотени да чекориме кон заедничка цел, зачувување на постоечките вредности и надоградување на нови. На тој начин сите заедно ќе овозможиме Фармацевтскиот факултет од Скопје и понатаму да биде врвна инстутуција, најсилна и најпродуктивна во рамките на Универзитетот и пошироко, да биде најзначајна високообразована и научна институција од обласда на фармацијата и сродните дисциплини во нашата земја и регионот.

Подносител на програмата

Проф. д-р Зоран Стерјев